Постапката на наведените активности ќе ја спроведува економски оператор избран преку постапка за јавни набавки.

### 4.1.Заловување и транспорт

Заловувањето и транспортот на кучињата скитници ќе го спроведуваат специјално оспособени работници на избраниот економски оператор за заловување на бездомните кучиња кои треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и со соодветна опрема од типот на:

- јамки и мрежи за заловување;
- дувалки за застрелување со средства за времено успивање;
- корпи и кафези за заловување и транспорт;
- оковратници и водилки;
- соодветни средства и опрема за евиденција;
- идентификација за заловените животни.

Заловувањето на кучиња скитници се врши со присуство на претставник на Општината определен од страна на Градоначалникот. За заловените кучиња се изготвува записник во кој се заведува бројната состојба на заловените кучиња скитници, место на заловување, пол, раса, знаци и обележја на кучето и евидентна болест или повреда. Заловувањето на кучињата ќе се спроведува во рани утрински часови кога присуството и движење на луѓе и возила по улиците е минимално. Секое заловено куче времено ќе се маркира и истото ќе се фотографира. Фотографиите ќе служат за идентификација на кучињата од сопственици доколку некое од кучињата е изгубено од страна на сопственик или пак самото куче побегнало од дома. Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на кучињата скитници. Транспортот ќе се спроведува рано наутро при што службата за заловување треба да обезбеди на кафезот да има вентилација и струење на воздух и колку што е можно да се избегнува непотребно задржување по патот до стационарот. Службата за заловување и транспорт на кучињата скитници во возилото задожително треба да поседува налог, товарен лист и записник од комунален инспектор. Униформите и возилото треба видно да се обележи со натпис „Служба за бездомни кучиња“.